КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод предлог –мислењата на Стручниот совет на КИРМ од ден 08.05.2013 година, на деведесеттата седница одржана на ден 28.06.2013 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1258-1
28.06 201 3 год.
СКОПЈЕ

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Заменикот на извршителот ги има истите права, обврски и одговорности како и извршителот. Заменикот на извршителот го заменува извршителот во случај кога извршителот е спречен да спроведува извршни дејствија.

Заменикот ги презема и продолжува со работа по списите на извршителот во случај на привремена забрана за вршење на должност со сите права и обврски, но не смее да прима нови барања за извршување.

Доколку заменикот на извршителот е лице вработено во канцеларијата на извршителот тој во присуство на извршителот настапува со овластувања на помошник на извршител и истиот настапува како заменик на извршител само во случај на привремена спреченост на извршителот поради болест, отсуство или привремена забрана за вршење на должноста –суспензија.

Комора на извршители
Претседател на Управен одбор ,
Гордан Станковиќ

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com